Република Македонија
Министерство за образование и наука

2815

**Министерство за образование и наука**
Сектор за основно образование

Бр. 12-7954/3
27-09-2018 год.

ул. Св.Кирил и Методиј бр..54
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. (02) 3117 896
Факс: (02) 3118 414

Веб страна: www.mon.gov.mk

**До:**
**Здружението на граѓани за заштита на животната средина ЕКОЗВОН-Скопје**
**Ул. „Карл Либкнехт" бр. 64-Скопје**

**ПРЕДМЕТ: Известување**

Почитувани,

Министерството за образование и наука го прими Вашиот допис под горенаведениот број и датум во кој давате предлог предметот Екологија да се издвои од останатите, како посебен предмет со 1 час неделно или 36 часа годишно, како задолжителен предмет во основното образование.

Во врска со Вашиот допис, Ве известуваме дека, истиот го проследивме до Бирото за развој на образованието за нивно запознавање и натамошно одлучување и постапување.

Воедно Ве информираме дека Бирото за развој на образованието даде мислење за Вашиот предлог во кое наведува дека при наредното ревидирање на Наставниот план на деветгодишното основно образование, ќе го земе предвид доставениот предлог, како и можностите, условите и потребите за воведување на таков наставен предмет, при што ќе бидат земени предвид и искуствата од другите образовни системи во европските земји.

Во прилог на овој допис Ви доставуваме копие од мислењето на Бирото за развој на образованието.

Со почит,

**Министер**
**Dr.Arbër Ademi**

Изготвил: Емилија Јовановска
Контролирал: м-р Даниела Грaороска
Прегледал: Елена Ивановска
Одобрил: Назиктере Сулејмани